**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**



# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2009 ГОДИНА

**Април 2010 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2009 ГОДИНА

**Април 2010 година**

# СОДРЖИНА


I. ЕВРО ИНТЕГРАЦИЈА – ЦАРИНСКА УНИЈА 3

II. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА И ТРАНСПОРТОТ 8

III. КАПАЦИТЕТ ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ 15

IV. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ 31

V. ЛОГИСТИКА 36

VI. МЕЃУНАРОДНА И МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА 39

VII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ 42

## 1. Усогласување со Конвенцијата за заеднички транзит на ЕУ

Во соработка со консултанти од ЕУ (ИПА 2007) спроведени се следните активности:

- формирана е работна група за анализа на разликите на националното законодавство со конвенцијата за заеднички транзит на ЕУ,
- извршена е споредба на националната со регулатива на ЕУ и се утврдени областите кои ќе треба да се хармонизираат,
- идентификувани се другите државни органи и институции кои потенцијално можат да бидат инволвирани,
- усвоен е план за усогласување со Конвенцијата за заеднички транзит на ЕУ,
- формиран е тим кој започна со пишување на регулативата,
- формиран е тим кој започна со пишување процедури и стандарди.

## 2. Подготвена правна рамка за задолжителна електронска царинска декларација

Подготвени се **измени и дополнувања на Царинскиот закон** (треба да бидат донесени во 2010 година) со кои се врши усогласување со Царинскиот закон на ЕУ, Регулативата на Советот на ЕУ број 2913/1992 и измените и дополнувањата донесени со Регулативите 82/97, 955/1999, 2700/2000, 648/2005 и 1791/2006, со што се обезбедува и правна рамка за имплементација на новиот електронски систем за обработка на царински декларации (СОЦД). Се воведува задолжителна електронска царинска декларација и збирна увозна и извозна декларација. Во тек е подготовка на сметководствени правила за увозните давачки согласно ЕУ регулативата.

Со измените и дополнувањата на Царинскиот закон се предвидува и укинување на одобренијата кои Царинската управа им ги издаваше на правни лица за вршење работи на застапување во царинска постапка, елиминирање на концептот лице со повисок ризик кој се применуваше при одземање на одобренија на правни лица за вршење работи на застапување во царински постапки, а се предвидува и пренесување на одредбите за единствена царинска стапка во Законот за Царинска тарифа.

## 3. Подготвена правна рамка за Интегрирна царинска тарифа

Подготвени се **измени и дополнувања на Законот за царинска тарифа** (донесени на почетокот на 2010 година) со кои се создава правна рамка за воспоставување на Интегрирана царинска тарифа - TARIM (вид на национален TARIC) во која се интегрирани сите тарифни и нетарифни мерки, согласно важечките прописи на Република Македонија. Царинската управа се определува за аминистратор на TARIM.

## 4. Подготвени измени и дополнувања на Законот за административни такси во делот на обработката на царински документи

Подготвени се **измени и дополнувања на Законот за административните такси** (донесени во јануари 2010 година) со кои се укинуваат административните такси за:

- поднесување на царински декларации,
- барања за издавање на уверение за движење ЕУР 1
- документи кои се пропишани со меѓународни или меѓудржавни договори, прифатени или ратификувани од страна на Република Македонија, а кои се користат наместо царинска декларација и
- запис за внесување и изнесување на стока во и од слободна зона или склад.

Укинувањето на овие административни такси има за цел усогласување со европските стандарди, намалување на трошоците на економските оператори и намалување на административните процедури.

## 5. Царинската управа определена за орган за поставување и одржување на комуникациски јазол со Европската Комисија и државите членки на ЕУ

Со одлука на Владата на Република Македонија од 07.07.2009 година, Царинската управа е определена за надлежен орган за поставување и одржување на комуникациски јазол со Европската Комисија и државите членки на ЕУ - Заедничка комуникациска мрежа и Заеднички системски интерфејс (CCN/CSI[1]). Со ова е исполнето едно од барањата за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит помеѓу Европската заедница и ЕФТА државите, за поврзување на електронскиот систем на Република Македонија за обработка на царински декларации со соодветните системи на земјите членки на ЕУ и ЕК и со новиот компјутеризиран систем на ЕУ (NCTS[2]).

## 6. Поврзување со царинските информатички системи на ЕУ

Со поддршка на ЕУ консултанти, финансирани преку ИПА 2007, во септември 2009 година започна подготвка на ToR[3] за равој на софтвер за поврзување со NCTS и CCN/CSI. Преку ИПА 2008 година е обезбедено финансирање на развојот на овие софтвери.

Со поддршка на ЕУ консултанти, финансирани преку ИПА 2007, започната е подготвка на ToR за интерконекција со Интегрирана Царинска Тарифа на ЕУ (TARIC), Европската задолжителна тарифна информација (EBTI[4]), Квоти, Надзор, како и Европскиот царински попис на хемиски супстанци (ECICS[5]). Во рамки на ИПА 2009 година обезбедено е финансирање за изработка и имплементација на софтверите и набавка на потребната опрема.

Со цел да се осигура координиран и навремен развој на ИКТ системите, во соработка со консултанти ангажирани во рамки на ИПА 2007 програмата, започнато е формулирање на нова ИКТ развојна стратегија, чија основна цел е развој на ИКТ сервис и интегрирана ИТ систем околина во согласност со ЕУ и други меѓународни стандарди, кој целосно ќе ја поддржува бизнис стратегијата на Царинската управа, ќе ги поддржува транспортот и трговијата и управувањето со ризик, ќе обезбеди вршење на работата со највисок степен на ефикасност во однос на инвестициите. Целите на ИКТ стратегијата произлегуваат од бизнис стратегијата утврдена во Стратешкиот план на Царинската управа и нејзините акциони планови, Националниот план за усвојување на правото на ЕУ (повеќегодишен индикативен плански документ за развој на Е_царински проекти, модернизираниот царински закон на ЕУ и неговата имплементирачка регулатива), како и препораките на мониторинг мисијата на DG TAXUD за ИТ свеста. ИКТ стратегијата ќе ги опфаќа сите аспекти за планирање на проекти утврдени од Европската Комисија во областа на интероперабилноста на царинските системи и детално ја обработува Стартегијата за имплементација на интероперабилност.

Во соработка со консултанти ангажирани во рамки на ИПА 2007 програмата, започната е подготвка на Стратегија за имплементација на интероперабилност со царинските информативни системи на ЕУ, која е дел и од ИКТ стратегијата на Царинската управа, и тоа:

- Нов компјутеризиран транзитенс систем;
- Интегрирана тарифна околина, вклучително и Комбинираната номенклатура, TARIC, Електронска задолжителна тарифна информација, Тарифни квоти и надзор,

[1] Common Communication Network and Common System Interface
[2] New Computerized Transit System
[3] Terms of Reference
[4] European Binding Tariff Information
[5] European Customs Inventory of Chemical Substances

Европски попис на хемиски супстанци, суспензии, Систем за управување со спесимени и Систем за дисиминација на податоци;
- Систем за управување и контрола на акцизи;
- Автоматизиран извозен систем;
- Автоматизиран увозен систем;
- Царински портал, како и други системи.

## 7. Воведено автоматско усвојување на регулативите на ЕК за распоредување на стоките во Комбинираната номенклатура

Дополнета е **Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура** („Сл.весник на РМ“ бр.114 од 2009 година), со што е обезбедено континуирано усвојување и применување на регулативите на ЕУ.

## 8. Царинската тарифа за 2010 година усогласена со Комбинираната номенклатура на ЕУ

Согласно обврските од пристапувањето на Република Македонија кон Светската трговска организација, Царинската тарифа е усогласена со измените на Комбинираната номенклатура на ЕУ, објавени во Службен весник на Европската унија бр. L 287 од 31 октомври 2009 година.

Изменети се МФН царински стапки на 426 тарифни ставки, а како резултат на најновите трендови во трговијата, поради намален обем на трговија на одредена стока избришани се вкупно 330 тарифни ознаки, а воведени се вкупно 167 нови тарифни ознаки и 31 нова тарифна ознака на национално ниво. Царинската тарифа за 2010 година со измените во тарифните ознаки и наименованиата на стоките скоро целосно е хармонизирана со Комбинираната номенклатура на ЕУ за 2010 година.

## 9. Република Македонија пристапи кон Ревидираната Кјото Конвенција

На 28 јули 2009 година Република Македонија пристапи кон Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки (Ревидирана Кјото Конвенција) на Светската царинска организација (СЦО[6]). Усогласувањето со станадрите е планирано да се изврши во 2010 година со помош на консултантите од ЕУ ангажирани преку проектот ИПА 2007.

Ревидираната Кјото конвенција претставува еден од најзначајните инструменти на СЦО за имплементација на еднообразни царински постапки во сите договорни страни. Таа е главен инструмент за олеснување на трговијата, спроведување транспарентни поедноставени царински постапки, користење на информатичка технологија и управување со ризик, како и партнерство со бизнис заедницата. Од стапувањето на сила на Ревидираната Кјото конвенција на 3 февруари 2006 година, досега кон истата имаат пристапено 64 земји членки на Светската царинска организација.

## 10. Администрирањето и наплатата на акцизите пренесено од Управата за јавни приходи на Царинската управа

Од 01.01.2010 година управувањето и наплатата на сите видови акцизи на целата територија на Република Македонија е пренесено од Управата за јавни приходи на Царинската управа. Со сегашните прописи, Царинската управа беше задолжена со управување на акцизите само при увоз и



[6] Светска Царинска Организација

извоз. Надлежностите се пренесени со **изменување и дополнување на Законот за акцизи и на Законот за Царинска управа** („Сл.весник на РМ“ бр.105/09 од 21 август 2009), врз чија основа е донесен и нов Правилник за спроведување на Законот за акцизи од 07.10.2009 година.

Основни функции кои ги презема Царинската управа се:

- издавање на акцизни дозволи,
- издавање на акцизни одобренија за неакцизно користење на акцизна стока (алкохол за аптеки, болници, фармација, козметика итн.),
- издавање на контролни маркички (бандероли),
- прием, обработка и заверка на акцизни документи,
- примање на акцизни пријави и утврдување на акцизни побарувања,
- спроведување на акцизна контрола над акцизните обврзници,
- прекршоци и кривични дела согласно Законот за акцизи,
- преземање на започнатите управни предмети од Управата за приходи и водење на управна постапка,
- примена и развивање на информатички систем за управување со акцизи.

Во врска со оргаизацијата на работата со акцизите, донесени се:

- измени и дополнувања на Правилникот за организација на работа на Царинската управа,
- измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа,
- Упатство за прмена на Законот за акцизи во царинското работење,
- Упатство за водење на регистарот на иматели на акцизна дозвола и регистарот на иматели на одобрение за акцизно повластено користење,
- Упатство за начинот и постапката за враќање на акциза за употребен течен нафтен гас,
- Упатство за начинот и постапката за враќање на акцизи на посебни субјекти.

## 11. Ревизорска мисија за пренесување на надлежности за децентрализирано управување со помошта на Европската унија

Во март 2009 година Европската Комисија изврши ревизија на подготвеноста на Царинската управа за децентрализирано управување со помошта на ЕУ во рамки на Прва Трета компонента на ИПА. Резулатите од ревизијата се апозитивни.

## 12. Имплементација на ИПА 2007 проектите

Започна реализацијата на проектите финансирани од програмата на Европската Комисија - ИПА 2007. Во ноември 2009 година во Скопје се одржаа првите состаноци на управните комитети на проектите „Техничка поддршка за натамошно усогласување на националното со законодавството на ЕУ во областа на царината“ и „Техничка поддршка за засилување на граничната контрола“.



## 13. Петти состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и одданочување

Во координа на Царинската управа, на 28 и 30 април 2009 година во Скопје се оддржа Петтиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската унија и Република Македонија.

Во рамките на Поткомитетот се одржа технички состанок помеѓу претставници на

Царинската управа и Директоратот за даноци и царинска унија на Европската комисија, при што се разгледани прашањата за развојот на примената на концептот на овластен економски оператор во ЕУ, примената на претходните информаци за пристигање односно поаѓање на пратките, примената на дијагоналаната кумулација во контекст на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, усвојувањето на регулативата за примена на Модернизираниот царински закон на ЕУ, како и понатамошната соработка на полето на ИКТ.

## 14. Република Македонија пристапи кон Програмата CUSTOMS 2013 на ЕУ

Во август 2009 година, со ратификување на Меморандум за разбирање, Република Македонија и официјално пристапи кон Програмата CUSTOMS 2013 на ЕУ.

Во декември 2009 година, во рамките на програмата Царина 2013, се одржа работилница за членовите на управувачкиот комитет на Царина 2007/2013. Целта на работилницата беше пренесувањето на искуството на Царинска администрација на Бугарија од учеството во програмата, во која што таа учествува од 1996 година.

**Програмата CUSTOMS 2013 има за цел подобрување и изедначување на царинските постапки на земјите членки на ЕУ и на земјите кандидати за членство, посебно во областа на безбедноста и сигурноста на надворешните граници, борбата против измамите и заштита на финансиските и економските интереси , , како и зголемување на конкуретноста на компаниите преку забрзување на царинските**

## 15. Првична анализа на царинските упатства на Европската Комисија 2007 - Customs Bluprints 2007

Блупринтите ЕК претставуваат практични упатства на најдобра пракса на ЕУ, според кои царинските администрации можат да го мерат сопствениот оперативен капацитет. Царинската управа на Република Македонија во 2009 година апочна со нивно проучување, проценка на сопствените отстапувања и развој на план за целосно услогласување со истите.

## 16. Втора фаза за усогласување со Рамката на стандарди на СЦО за обезбедување и олесување на трговијта

Во рамки на Втората фаза од проектот за услогласување со Рамката на стандарди за обезбедување и олеснување на трговијата на СЦО, во јули 2009 година во Република Македонија престојуваше Мисија на СЦО која имаше за цел да го оцени развојот на Царинската управа од јуни 2007 наваму и да подготви пепораки за натамошно усогласување со Рамката на стандарди. Претставниците на Мисијата остварија средби со претставници на владини и јавни институции, како и со бизнис заедницата и нивните асоцијации. Согласно извештајот на Мисијата, Републила Македонија е скоро селосно има воспоставено висок степен на контрола базирана на анализа на ризик, интегрирано гранично управување, олеснување на трговијата, етика и интегритет на вработените.

### 17. Нов софтвер за обработка на царински декларации (СОЦД) компатибилен за интерконекција со царинските системи на ЕУ

На 23 јануари 2009 година Царинската управа потпиша договор за набавка на електронски систем за обработка на царински декларации (СОЦД).

Изработката на новиот СОЦД е во тек, иако има доцнење во однос на договорената динамика од старана на изведувачот. Формирана е т.н.виртуелна царинска испостава која спроведува тестирање и проверува дали функционалностите на софтверот соодветствуваат на техничките спецификации. Набавен е и инсталиран најголем дел од потребниот хардвер и системски софтвер, а набавени се и дигитални цертификати за царинските службеници. Новиот СОЦД треба да биде ставен во функција до јуни 2010 година. Оценка на квалтетот и прием на новиот СОЦД се обезбедени од страна на консултанти финансирани од ИПА 2007 фондовите. Овој систем треба да го замени постоечкиот систем за процесирање на царински декларации (ASYCUDA) и да воспостави: електронско процесирање на декларации при спроведување на постапките на увоз, извоз и транзит, дополнителни подсистеми и функционалности за управување со наплатата, гаранциите, анализата на ризикот, авторизациите, царинската тарифа, како и подсистеми за управување со лабораторијата, акцизите, интелектуална сопственост, базата на знаења и електронското учење. Новиот CDPS систем треба да обезбеди и развој и интегрирање на деловната заедница и владините институции преку т.н екстерен домеин на системот. Бизнис заедницата перманентно се информира на карактеристиките на новиот СОЦД преку презентации и конференции, преку медиумите и Советодавното тело со асоцијациите на бизнис заедницата.

Започнати се анализи за обезбедување пристап на критериумите за анализа на ризик на граничните инспекциски органи кон новиот СОЦД, што треба да овозможи поквалитетна инспекциска контрола базирана на анализа на ризик при влез во Република Македонија, како и вклучување на Царинската управа со 24 часовна поддршка на овие контроли.

### 18. Надградба на електронски едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти (Single Window/One Stop Shop) – EXIM

EXIM продолжи успешно функционира во 2009 година. Во јули 2009 година е потпишан Меморандум за соработка со USAID, Проектот е – Влада, за натамошен развој и унапредување на EXIM. Унапредување на Едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти – EXIM. Во тек се интервенции во софтверот за додавање нови функционалности (електорнско барање и издавање транспортни дозволи во билатералниот патен сообраќај, поврзување со новиот ИКТ систем на Ветеринарна инспекција, поврзување со новиот СОЦД, воведување нови извештаи).

Почнати се анализи за вклучување на лиценци и за пуштање стока во домашен промет (не само увозни и извозни дозволи).

Со цел претставување на бенефициите и поттикнување на користењето на EXIM одржани се презнетации во Скопје, Битола и Струмица, на кои присуствуваа над 250 претставници на бизнис заедницата.

Во декември 2009 година Економската комисијата на Обединетите нации за Европа (UNECE) го препорача EXIM како модел за развој на електронски едношалтерски систем за извозни и увозни дозволи во регионот.

На почетокот на 2010 година, на официјалниот натпревар за избор на годишни награди од областа на информатичката и комуникациската технологија за решенија во јавниот сектор, првата награда ја доби EXIM. Со оваа награда EXIM се стекна со право на учество на меѓународниот избор на WITSA 2010 Global ICT Excellence Awards за 2009 година во рамки на Светскиот конгрес за информатичка технологија.

## 19. Електронски прием на барања, обработка и издавање одобренија за увоз за облагородување

Кон крајот на 2009 година заврши изработката на **Web апликацијата за обработка на барања за увоз за облагородување** која овозможува:

- електронско поднесување барања за увоз за облагородување од страна на економските оператори,
- примање и верификување на барањето од страна на Царинската управа,
- автоматизирана контрола на валидноста на податоците во барањето,
- обработка на барањето од страна на Царинската управа и размена на информации со барателите,
- издавање на одобренија,
- изработка на извештаи.

Апликацијата сеуште не работи на база на електронски потпис, но економските оператори ќе можат преку интернет страницата на Царинската управа да ги доставуваат своите барања, со што значително се намалува времето за нивна администрација и процесирање и се зголемува транспарентноста и следливоста. На почетокот на 2010 година се започнати промотивни активности, како и поготовка на **Корисничко упатство за работа со апликацијата за обработка на барање одобрение за увоз за облагородување**.

Започаните се активности за надградба на апликацијата со дигитален потпис, електронско раздолжување на увозот и воведување на можноста за електронско аплицирање и добивање одобренија за други видови царински постапки со економски ефект.

## 20. Развој на интегрираниот информативен систем (ИИС) во Царинската управа

На 31.12.2009 година заврши тестирањето и повеќемесечниот период на транзиција, кога работеа и старите системи и традиционалната архива и од 01.01.2010 година ИИС е официјално во продокуција и задолжителна употреба во Царинската управа.

Оваа генерација на ИИС опфаќа:

- модул за управување со човечките ресурси,
- модул за материјално и финансиско работење,
- модул за електронско управување со документи.

Модулот за електронско управување со документи (EDMS) значи:

- архивирање и обработка на електронски документи и електронски копии на хартиени документи,
- циркулирање на електронски документи и електронски потпис,
- електронско следење на статусот на документите од аспкет на припрема, дистрибуција, движење, архивирање, локација, автентичност, безбедност и историја.

EDMS опфаќа:

- 170 идентификувани и опишани работни процеси,
- утврдени максимални рокови за завршување на работните процеси,
- идентивикувани точки на поврзување и релации помеѓу работните процеси,
- идентификувани стандардни типови на документи,
- електронско потпишување на документите.

EDMS овозможува:

- централизирано прифаќање на електронски и хартиени документи,
- автентични авторизирани копии на хартиени документи,
- централизирана физичка и логичка архива,
- авторизација и безбедност на документите на ниво на поединечен документ, организациона единица, групи на корисници/функционалности/привилегии и

работни процеси,
- електронско претражување и следење на документите,
- скенирање, класифицирање, означување, снимање, примање и испраќање на влезна, излезна и интерна пошта,
- назначување надлежности за документите по извршител, организациона единица, фази на работните процеси и ad-hock,
- електронска размена на документи со надворешни соработници.

За обезбедување на функционирањето на EDMS се подготвени 22 интерни акти:
- Опис на работни процеси по фази,
- Упатство за работа со EDMS,
- Корисничко упатство за Web скенирање на документи,
- Корисничко упатство за промена на лозинка во EDMS,
- Прирачник за интерна комуникација помеѓу организационите единици во EDMS,
- Корисничко упатство за работа со EDMS за корисници на Web клиент,
- Корисничко упатство за електронско потпишување на документи,
- Упатство за обработка на документи од вид фактури во EDMS,
- Правила за работа на EDMS хелп деск системот,
- Корисничко упатство за фактурирање и евиденција на закупнини,
- Корисничко упатство за електорнска евиденција на лабораториски материјали,
- Корисничко упатство за евиденција на запленети стоки,
- Корисничко упатство за работа со софтверот за мерење на работниот учинок,
- Корисничко упатство за работа со софтверот за попис на основни средства,
- Корисничко упатство за архивска обработка на електронски барања од странки,
- Упатство за работа со софтверот за материјално и финансико работење,
- Корисничко упатство за електронско поднесување барања до Царинската управа, Корисничко упатство за работа со апликацијата за евиденција на образец ЕУР 1,
- Корисничко упатство за работа со апликацијата за евиденција на пломби,
- Корисничко упатство за работа со апликацијата за спроведување регрутитање и вработување,
- Корисничко упатство за работа со апликацијата за евиденција на анкетни листови,
- Упатство за пристап во електронскиот систем за пресонална евиденција,
- Прирачник за пребарување на упатствата изготвени во Царинската управа во EDMS.

Започнати се припреми на следна генерација на EDMS која опфаќа:
- дефинирање на сите видови евиденции во Царинската управа, типот и карактерот на податоците,
- дефинирање на сите видови формулари за интерна и екстерна употреба,
- хармонизирање на информациите и формуларите и елиминирање на двојните евиденции,
- дефинирање на администраторите и депозитарите,
- развој на софтверско решение,
- донесување на пишани правила за користење на системот.

## 21. Советодавно тело за соработка помеѓу бизнис заедницата иа Царинската управа

На 30.01.2009 година, Царинската управа, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија, МАКАМТРАНС - Асоцијација на независни синдикати на камионски транспортери, СИЗ „Македонија сообраќај" А.М.Е.Р.И.Т и групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори, потпишаа **Меморандум за воспоставување на советодавна врска и соработка и Меморандум за формирање на Советодавно тело**. Подоцна, кон Меморандумот пристапи и Амерканско-Македонската стопанска комора.

Целта на меморандумот е унапредување на партнерството помеѓу Царинската управа и бизнис заедницата со цел зголемување на безбедноста и олеснување на меѓународната трговија. Зајакнувањето на соработка со бизнис заедницата преку формирање на Советодавно тело е стандард на Конвенцијата за поедноставување и усогласување на царинските постапки (Ревидирана Кјото конвенција) која беше ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија во јануари 2008 година..

Во периодот од неговото основање во јануари 2009 година, Советодавното тело одржува најмалку еден состанок месечно, а во негова организација се одржани и повеќе конференции и обуки. Соработката во рамки на Советодавното тело резултиташе се донесување измени во регулативата и организацијата на работа на Царинската управа.

## 22. Олеснети критериумите за намалување на износот на општа гаранција за обезбедување царински долг

Во февруари 2009 година Царинската управа донесе **измени на Упатството за оценување на критериумите за висината на износот на општата гаранција за обезбедување на царински долг**. Согласно измените, минималниот капителен цензус, како еден од критериумите за намалување на банкарската гаранција, е намален од еден милион на 300 илјади евра. Истовремено, обезбедувањето на позитивно ревизорско мислење на финанските извештаи, како втор строг критериум, е сведен само на компаниите кои имаат обврска да обезбедат независно ревизорско мислење согласно Законот за трговски друштва.

## 23. Царинска тарифа за 2009 година на англиски јазик

Царинската управа изработи **Царинската тарифа за 2009 година** на англиски јазик и истата ја објави на интернет страната на Царинската управа. Цаелта е обезбедување на информации за домашните и странските корисници во поглед на распоредувањето на стоката, царинските давачки (МФН[7] и преференцијални), мерките на трговска политика, ДДВ и акцизи.

## 24. Опреационализација на концептот овластен економски оператор

На почетокот на 2009 година Владата на Република Македонија измени и **дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон** со кои се операционализира концептот на овластен економски оператор, воведен со измените на Царинскиот закон од 2008 година. Сепак, како и во земјите членки на ЕУ, оваа законска можност сеуште не е заживеана.

## 25. Мерки за забрзување на транспортот и трговијата – Регулаторна гилотина

Со цел забрзување и олеснување на транспортот и трговијата Владата на Република Македонија на почетокот на 2009 година донесе 50 мерки во рамки на фтората фаза на Регулаторната гилотина, пред сè насочени кон забрзување на транспортот и трговијата. Некои од мерките се веке реализирани, а други се фаза на реализација. Поинтересни мерки содржани во овој проект се следните:

- 24 часовно присуство на фитосанитарната и ветеринарната инспекција на граничните премини од прв ред,
- воведување систем на селективни контроли базирани на анализа на ризик од страна на фитосанитарната инспекција,
- анализирање на можностите за спроведување заеднички царински контроли со царинските служби на соседните држави,
- намалување на надоместоците за ветеринарна и санитарна инспекција,

[7] Most Favored Nation (принцип на најповластена нација)

- усогласување на режимот на транзит на стоки на граничните премини на Република Македонија, со царинските служби на соседните земји,
- на граничните премини каде што постојат инфраструктурни услови да се обезбеди зелена лента за празни возила и возила кои пренесуваат лесно расиплива стока,
- зајакнување на контролата на дивите премини на границите со цел сузбивање на шверц со стока за широка потрошувачка и фалсификати,
- прифаќање на документите издадени од царинскит органи на ЕУ за издавање соодветни одобренија во Република Македонија.

## 26. Воведена можност за жалба од страна на економските оператори на записник за контрола на доказите за потекло на стоките од аспект на преференцијалниот третман

Во јули 2009 година е **изменето Упатството за преференцијални договори**, во кое покрај другото, е овозможено извозниците да се жалат на констатациите на записникот од надлежната комисија на Царинската управа во врска со извршената верификација на доказот за потекло по барање на странски царински орган (доколку не се согласуваат со истите).

Имено, доколку извозникот не се согласува со наодите на записникот, може во рок од 8 дена по приемот на записникот да поднесе приговор на истиот, преку Комисијата до надлежната царинарница (правна поука дадена во самиот записник). Царинскиот орган, поради приговорот, повторно формира комисија која по повторното разгледување на целиот предмет изготвува записник кој повторно се доставува и до странката. Против записникот од повторната контрола не е дозволен приговор. Согласно резултатот од извршената контрола доколку има промена во царинската декларација, а извозникот или неговиот застапник е согласен со констатациите во записникот, во обврска е да поднесе нова царинска декларација. Доколку извозникот или неговиот застапник не се согласува со констатациите во записникот и не достави нова изменета царинска декларација, царинскиот орган по службена должност изготвува решение за измена на податоците во царинската декларација.

Извозникот, согласно законските одредби, има право на жалба на ваквото решение до Министерството за финансии, како второстепениот орган.

## 27. Воведен модул за електронско учење за примена на Системот за регистрација и идентификација на економските оператори – Economic Operators Registration and Identification (EORI)

Во соработка со Генералната дирекција за царини и даноци на ЕК, во јули 2009 година е изработен модул за електронско учење за примена на Системот за регистрација и идентификација на економските оператори – Economic Operators Registration and Identification (EORI). Според системот, кој ЕУ почна да го применува на 1 јули 2009 година, економските оператори во ЕУ кои се занимаваат со царински активности со увоз и извоз мора да се регистрираат во него и да добијат единствен EORI број.

Електронскиот модул има информативен карактер, наменет е за запознавање на економските оператори со инструментите за подобрување на безбедносните мерки кои се однесуваат на увозот и извозот на стоки во и надвор од ЕУ, со што се олеснува законската трговија, и се намалуваат можните ризици. Модулот е креиран во рамки на програмата Customs 2013 и е дел од Стратегијата на обуки за електронско учење. За сите заинтересирани лица модулот е достапен преку интернет страната на Царинската управа.

Во август 2009 година, Царинската управа организираше обука за улогата на EORI броеви. Обуката претставуваше дел од активностите предвидени во Програмата Customs 2013. Целта на обуката беше запознавање со значењетп на EORI бројот, лицата кои треба да поседуваат EORI број, каде може да се добие EORI број и законските регулативи поврзани со EORI бројот.

### 28. Поставени услови за водење статистика на трговската размена со Косово

Во средината на 2009 година е **дополнет Правилникот за начинот на пополнување на царинска декларација и кодексот на шифри** со нови шифри за име на земја и шифра, и тоа Косово – XK и Црна Гора – ME, а името на земја и шифра Србија и Црна Гора – CS се заменува со Србија - RS.

### 29. Укината патната такса од странски возила кои вршат превоз на територија на Република Македонија

Во септември 2009 година е **зименета Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила** (патна такса), со што престана обврската за наплата на патна такса од странски возила за превоз на патници и стока, која ја вршеше Царинската управа.

### 30. Уреден начинот на конверзија на царинската вредност од странски валути во денари

Во септември 2009 година министерот за финансии донесе **нов Правилник за начинот на примена на средниот курс во постапка на утврдување на царинска вредност**, со кој се прецизира временскиот период и начинот на користење на девизниот курс на денарот за конверзија на странските валути при утврдувањето на вредноста на увезената стока како основа за пресметување на увозните давачки.

### 31. Уредена царинска постапка за привремен увоз на стока за ловниот туризам



Со цел воедначување на царинските постапки на целата територија на Република Македонија, во септември 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за спроведување на царинска постапка за привремен увоз на стока за потребите на ловниот туризам**, со кое се објаснува начинот на стока за потребите на ловниот туризам (лични предмети, стока за спортски цели, ловечка опрема и ловни животни наменети за лов на животни).

Истовремено, изработен е и ставен во функција **софтвер за евиденција на прекуграничниот проток на домашните миленици.** Истиот е достапен до царинските службеници на сите гранични премини.

### 32. Изградба на граничниот премин Блаце (Македонско – Косовска граница)

До крајот на 2009 година завршија сите подготовки за започнување со изградбата на граничниот премин Блаце, после што, на почетокот на 2010 година Царинската управа со најповолниот понудувач потпиша договор изградба на граничниот премин Блаце – патнички дел на Македонско – Косовската граница. Проектот е финансиран со кредит од Светската банка во рамки на Вториот проект за забрзување на транспорт и трговијата. Изградбата треба да започне во април и да трае 14 месеци.

### 33. Примената на дијагонална кумулација на потекло со Србија

Ова значи дека при производство на готови производи може да се користат репроматеријали со потекло од Србија и истите се стекнуваат со статус на производи со македонско потекло при извоз во земјите членки на ЕУ.

## 34. Започнати активности за склучување на договори за слободна трговија со медитеранските земји

Со цел исполнување на условите за вклучување на Република Македонија во пан-евро-медитеранскиот систем на дијагонална кумулација на потеклото на стоките, анализирана е меѓусебната размена со медитеранските земји и иницирани се преговори за склучување на договори за слободна трговија со со Израел и Египет.

## 35. Обновена иницијативата за склучување на договор за слободна трговија со Руската Федерација

Малиот обем на трговска размена со Руската Федерација претставуваше основа за обновување на прегодворите за склучување на договор за слободна трговија кој ќе овозможи проширување на пласманот на македонски призводи на рускиот пазар, особено на земјоделските производи.

## 36. Обем на работа

И во 2009 година економските оператори најголем инетерес имаа за одобренија за увоз за облагородување и за царински складови. Интересот на фирмите за барање одобренија за поедноставени царински постапки е скоро двојно зголемен во однос на претходните години, но и натаму е на несоодветно ниско ниво во однос на очекувањата и бенфициите што ги овозможува.

| Вид на одобрение | 2009 | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| Царинско застапување | 33 | 25 | 22 |
| Постапки со економскки ефект | 533 | 213 | 226 |
| Овластен примач | 24 | 9 | 8 |
| Локално царинење | 59 | 32 | 27 |
| Овластен извозник | 11 | 8 | 1 |
| Задолжителна царинска информација | 167 | 174 | 99 |

Од друга страна, во 2009 година значително е зголемен интересот на добивање одобрение за локално царинење при складирање, увоз и извоз.

Во 2009 година Царинската управа започна со систематско следење и контрола на работата на имателите на одобренија за вршење работи на царинско застапување, како резултат на што, на 3 компании им е одземено одбрението поради констатирани неправилности.

Во 2009 година се процесирани вкупно 402 илјади царински декларации, што е за 16,4% помалку во однос на 2008 година (468 илјади во 2008 година). Во рамки на вкупно процесираните царински декларации, обработени се 231 илјади увозни царински декларации, што е за 3,4% помалку во однос на 2008 година кога беа процесирани 269 илјади увозни царински декларации. Во 2009 година се процесирани 171 илјада извозни царински декларации, што е за 15% помалку во однос на 2008 година. Во 2009 година не се случија важни промени структурата во обработените декларации ниту во патниот, железничкиот, поштенскиот и авио транспортот.

Во 2009 година границите на Република Македонија ги поминаа 287 илјади товарни моторни возила, 249 илјади вагони и 12 илјади воздухоплови.

## 37. Уредено функционирањето на разузнавачките активности

Во март 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за работа на Одделението за разузнавање**, како и начинот на прибирање информации за спречување и откривање царински прекршоци и кривични дела, нивна проценка, нализа, истражување и доставување до другите организациони единици на Царинската упрва и до други државни органи.

## 38. Во функција централна листа на осомничени

Во март 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за централна листа на осомничени**, со кое се уредуваат надлежностите и одговорностите во Царинската управа за подготовка и користење на одатоците во централната листа на осомничени (ЦЛО) правни и физички лица и возила за кои оправдано се смет дека треба да им се посвети дополнително внимание при било каква царинска контрола.

ЦЛО претставува алатка за помош на царинските службеници при вршење на контрола. Царинскиот службеник кој врши контрола може во секое време да побара од Одделението за координација и комуникација (ОКК) информација дали одредено лице или возило е ставено на ЦЛО. Доколку лицето или возилото е ставено на ЦЛО, царинскиот службеник ќе добие јасни насоки за активностите и мерките кои треба да ги превземе.

Согласно Упатството за централна листа на осомничени, во август 2009 година е донесена **Оперативна инструкција со која се пропишува начинот за користење на електронскиот систем -** Централна листа на осомничени.

## 39. Воспоставен електронски систем за размена на разузнавачки информации и пораки

Со цел натамошно јакнење на капацитетот за борба против царински измами, во јуни 2009 година е воспоставен електронски систем за размена на разузнавачки информации и пораки помеѓу Одделението за разузнавање и граничните испостави. Администрирањето и употребата се уредени со **Оперативна инструкција за користење на систем на електронска размена на разузнавачки пораки**.

## 40. Воведување софтвер за обработка на разузнавачки информации

Во соработка со консултантската куќа Crown Agents, продолжија активностите за имплементација на **Систем за обработка на разузнавачки информации, заплени, прекршоци, претреси и податоци од претреси (TRIPS). Според планот, овој систем треба да стане целосно фунцкионален до крајот на јуни 2010 година.**

## 41. Уредено функционирањето на системот за видеонадзор, снимање и трансмисија

Со цел пропишување на начинот на работа и стандардните процедури на системот за видеонадзор, снимање и трансмисија во јануари 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за работа со CCTV[8] системот за видеонадзор, снимање и трансмисија** на Царинската управа со кое се пропишува начинот на работа и стандардните процедури на овој систем. На сите царински испостави (гранични и внатрешни) се поставени фиксни и подвижни камери (вкупно 240) кои се организирано контролирани од страна на Одделението за координација и комуникација. Врз основа на анализа на ризик, разузнавачки и други информации, се таргетира задолжителниот мониторинг, а камерите снимаат 24 часа со 6 месечно чување на записите.

[8] CCTV или Closed Circuit Television (Centralized Video Surveillance System)

Ова Упатство е ревидирано во април 2009 година со цел допрецизирање на овластувањата за пристап и контрола на системот во реално време, како и пристапот и користењето на снимениот материјал.

## 42. Уреден начинот на работа со системот за автоматско препознавање на регистарски таблички – ANPR[9]



Во април 2009 година е донесено **Упатството за работа со системот за автоматско препознавање на регистарски таблички**, со кое се пропишува начинот на работа со системот за автоматско препознавање регистарски таблички, како и обврските и надлежностите за негово одржување и управување.

ANPR системот обезбедува автоматско читање и препознавање на регистарските таблички на возилата кои минуваат низ царинските испостави и нивно запишување во унифицирана база на податоци.

ANPR системот овозможува компарација на податоците со претходно дефинирана база со регистарски таблички и можност да алармира.

Со поврзување на ANPR системот со системот за обработка на царински декларации се автоматизира раздолжувањето на царински декларации, поедноставените постапки и транзитните постапки.

## 43. Уредена работата со отворената телефонска царинска линија – 197

Во април 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за прием, обработка и постапување со повиците од отворената телефонска царинска линија 197**, со кое се уредуваат надлежностите за администрирање на системот.

## 44. Уредено фунцкионирањето на радиокомуникацискиот систем на Царинската управа

Во април 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за работа со радиокомуникацискиот систем** (РКС) на Царинската управа. РКС го сочинуваат: рачна радио станица, диспечерска радио станициа, радио репетиторска станица, радио линк и централен радио линк.

Работната фрекфенција на РКС на Царинската управа е строго дефинирана и не смее да претставува пречка на останатите радиокомуникациски системи во Република Македонија, сопственост на други институции. Фрекфенцијата може да биде во VHF (very high frequency) или во UHF (ultra high freguency) работно подрачје.

Радиорепетиторските станици, радио линковите и централниот радио линк се поставени на дефинирани локации на територијата на Република Македонија.

## 45. Проширување на радио комуникациска мрежа

Во 2009 година започнаа активности за проширување на радиокомуникациската мрежа во надлежност на Министерството за внатрешни работи, во реонот на Западна Македонија, со цел обезбедување на поголема брзина и редундантност на мрежните линкови. Завршено е поставувањето на опремата на локациите: Стогово, Пелистер,

[9] Automatic Number Plates Recognition

Водно, Козјак, Прилеп, Кавадарци. Целосно е функционален радио линкот Прилеп-Козјак-Кавадарци.

### 46. Воспоставена електронска национална база на податоци за вредност

Во јуни 2009 година Царинската управа стави во функција електронска национална база на податоци за вредност, како дел од системот за анализа на ризик. Воспоставувањето на оваа база на податоци е во согласност и со насоките на СЦО за борба против измами поврзани со царинска вредност во рамки на Договорот на Светската трговска организација за царинска вредност. Администрирањето и употребата се уредени со **Инструкција за користење на националната база на податоци за вредност**.

### 47. Компендиумот за царинска вредност и Коментарот на Хармонизиран систем 2007 на СЦО објавен на македонски јазик

Кон крајот на 2009 година е завршен преводот на **Компендиумот за царинска вредност и Коментарот на хармонизиран систем 2007 на СЦО** на македонски јазик. Истиот, во јануари 2010 година е публикуван од страна на Царинската управа. Оваа публикациија содржи основни информации и практични примери за утврдување на царинска вредност и практична примена на Хармонизираниот Систем и претставува функционална алатка за олеснување на секојдневното работење за царинските службеници и правилна примена на законодавството.

Компендиумот за царинска вредност го содржи комплетниот текст на Спогодбата за спроведување на член VII од Општата Спогодба за царини и трговија 1994, основни информации и практични примери за утврдување на царинска вредност.

Коментарот на Хармонизиран систем 2007 во 5 книги ги содржи официјалните текстови од четвртото последно издание на Коментарот на конвенцијата за хармонизираниот систем за имињата и шифрените ознаки на стоките на Светската царинска организација, од 2007 година.

### 48. Воспоставена електронска база на печати на сите странски царински органи

На интранет порталот на Царинската управа е поставена електронска база на отпечатоци на печати на сите странски царински органи. На овој начин сите царински службеници имаат увид на сите важечки отпечатоци на печати кои се употребуваат за заверување на уверенијата за движење ЕУР.1 согласно договорите за слободна трговија и брзо и едноставно може ја да утврдат исправноста на печатите при контрола на документите при увоз.

### 49. Воспоставена е база на податоци за хемиски супстанци кои претставуваат стока со двојна намена

Со помош на Амбасада на САД воспоставена е база на податоци за хемикалии, стоки и технологии за двојна употреба. Оваа база на податоци, каде се наведени поедини тарифни броеви, е воведена како критериум на ризик со цел спречување на извоз на хемикалии како стока со двојна намена. За нејзиното користење одржана е обука за царинските службеници.

### 50. Изменото Упатството на Царинската управа за преференцијални договори

Измените извршени на **Упатството за преференцијални договори** се согласно настанатите измени на протоколите за потекло на стока кои Република Македонија ги има склучено со други земји и префрлање на надлежностите за верификација на доказите за потекло од Секторот за царински систем во Секторот за контрола и истраги.

### 51. Зајакнување на граничните контроли

Во рамки на проектот за зајакнување на капацитетите на Царинската управа во борбата против измамите, прекуграничниот криминал, корупцијата и борбата против нелегалната трговија, во соработка со ЕУ консултанти финансирани во рамки на ИПА 2007 година:

- подготвен е список на неопходна техничка опрема за подобрување на работењето и зголемување на капацитети за откривање на недозволената трговија (постапка на најповолен понудувач е во тек),
- подготвен е список на техничка опрема за граничните премини, за исполнување на стандардите на граничните премини,
- во тек е ревизија на стандардните оперативни процедури за работење на граничните премини на сите институции кои имаат надлежности во граничното раобтење, во согласност со шенгенското законодавство,
- подотвена е техничка спецификација за интегрирање на податоци кои се добиваат од повеќе извори во единствен систем за потребите на контрола и истраги и оперативното работење во Царинската управа.

### 52. Поставен форум за доставување прашања за тарифно распоредување, вредност и потекло

Во јуни 2009 година Царинската управа на својата интранет страна постави форум со цел на царинските службеници да им овозможи по електронски пат до надлежните организациони единици во Централната управа да доставуваат прашања поврзани со распоредување на стока по тарифа, царинска вредност или потекло. Администрацијата и употребата се уредени со **Инструкција за користење на апликацијата за националниот форум** (прашања и одговори) на Царинската управа.

### 53. Уредено приведувањето, задржувањето и распитот на физичко лице

Во јули 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот и постапката на приведување, задржување и распит на физчко лице**. Со ова Упатство се уредуваат начинот и постапката на приведување на обвинето лице и задржување на осомничено лице како мерки за обезбедување негово присуство за успешно водење на кривичната постапка, како и начинот на распит на физичко лице осомничено за сторено кривично дело. Приведувањето како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот го спроведуваат царинските инспектори, како и царинските службеници од граничните премини и внатрешните царински испостави само ако постојат основи за сомнение дека е сторено кривичното дело.

### 54. Уредено планирањето, подготовката и спроведувањето на теренска контрола на трговските друштва

Во април 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за вршење на теренска контрола на трговски друштва**, со кое се уредува планирањето, припремата и начинот на вршење ревизија на трговски друштва после царинење, како и подготовката и постапувањето по записникот за извршена контрола.

### 55. Уредена набавката, чувањето, издавањето и употребата на новите царински пломби

Со цел уредување на постапката на набавка, чување, издавање и употреба на новите царински пломби, во април 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за работа со царински пломби**.

Пломбите се метални и пластични, а се ставаат на пакети и вреќи, како и на транспортни средства, царински складишта или други простории каде се наоѓа стоката,

а со цел обезбедување на видот, квалитетот и количината на стоката и нејзината идентичност. Пломбите обезбедуваат поголема сигурност на пломбираниот простор при вообичаената употреба, лесно се идентификуваат и изработени се на начин кој остава видливи траги во случај на обид за нивно отстранување. Истите се означени последователно со алфанумерички карактери без повторување на ознаките.

### 56. Уредена работата со моторни патролни чамци

Во август 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за работа со моторни чамци на службата за мобилни тимови** на Царинската управа, со кое се уредуваат обврските и одговорностите на царинските службеници со цел безбедно ракување со средството, негово пристанување или закотвување и контролните постапки за другите пловни средства.

### 57. Уредено ракување и употреба на огнено оружје и муниција

Во февруари 2009 година Царинската управа донесе ново **Упатство за ракување и употреба на огнено оружје и муниција** во Царинска управа со кое се пропишува начинот на задолжување, раздолжување, носење, чување, ракување и употреба на огнено оружје и муниција задолжено од Царинската управа.

### 58. Уредена постапката при детектирање на зголемено ниво на јонизирачко зрачење

Во април 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за работа при детектирање зголемено ниво на јонизирачко зрачење**, со кое се уредува употребата на специјалната опрема, процесите и надлежнотите за постапување во предметните ситуации.

### 59. Уредено постапувањето при детектирање опасни и штетни материи

Во април 2009 година Царинската управа донесе Упатство за постапување при детектирање на опасна и штетна материја, кое има за цел заштита на вработените и други лица, како и животната средина при откривање на опасни и штетни материи. Со истото се уредува употребата на специјалната опрема и процесите и надлежнотите за постапување во предметите ситуации.

### 60. Воведена електронска достава на информации за пренос на девизи и хартии од вредност до Управата за спречување перење на пари

Во средината на 2009 година ставен е во фунцкија **систем за размена на податоци со** Управата за спречување на перење пари **(УСПП),** преку кој се врши електронско евидентирање на податоците за внесени и изнесени девизи и хартии од вредност на граничните премини.

### 61. Воведена размена на податоци со Управата за јавни приходи

Со Управата за јавни приходи е воспоставена VPN[10] комуникацииска линија за размена на строго контролирани информации и податоци за правни и физички лица, за потребите на спречување на корупцијата и борбата против економскиот криминал.

### 62. Работа на царинската лабораторија

Со цел исполнување на условите по ИСО 17025 стнадардот започнат е процес за акредитација на царинската лабораторија. Ангажирана е консултантска куќа, изработена е нацрт документацијата на системот за управување со квалитет, која е составена од 80 документи (постапки, упатства и записи) согласно барањата на стандардот ИСО

---

[10] VPN - virtual private network

17025:2006. Во тек е измена на Правилникот за организација на работа на Царинската управа во кој царинската лабораторија ќе се определни како независна организациона единица, што претставува еден од основните услови за акредитација.

Во 2009 година е инсталирана и пуштена во работа дел од набавената опрема во вредност од 40 илјади евра. Инсталиран е дигестор, кабинет за чување на запаливи и корозивни хемикалии како и сталажи во магацините за чување на мостри и хемикалии, а за останата опрема се чека набавка на гасови и со истата ќе се вршат квалитативни и квантитативни анализи воглавно на нафтени деривати и тоа хемиски состав на нафта, одредување на содржина по маса на ароматски и неароматски состојки, идентификација на маркер и боја во нафта, анализи на органски препарати, сепарација на мешаница на хемикалии и сл. Во овој период царинската лабораторија анализите ги вршеше во согласност со аналитичките методи од лабораторискиот водич на Светската царинска организација, ILIJADe (база на хармонизирани аналитички методи користени од царинските лаборатории на Европската унија), консултации со надворешни лаборатории за изнаоѓање на методи за подготовка на мострите за испитување како и методи за инструментална анализа.



Разработени, воведени и утврдени се следните методи за анализа на стоки: определување на вкупни протеини во соин протеин, адитив според методата на Kjeldahl, pH метриска титрација за одредување на концентрација на раствор од NaOH, одредување на фосфати во дикалциум фосфат дихидрат, одредување на калциум хидроксид во хидратисана вар, одредување на содржина на алкохол во пиво, одредување на типот на површинско активно средство, одредување на слободни масни киселини, одредување на целулозни влакна во полиестер, одредување на испарливи киселини во конзервирани производи, одредување на сол кај производи од зеленчук, одредување на карактеристики на дестилација на нафтени производи, одредување на густина на нафтени деривати, одредување на сулфур во нафтени производи, одредување на пепел во шеќер, поларииметриско одредување на сахароза во шеќер, содржина на елементи во накит (бижутерија), одредување на содржина на млечни маснотии, одредување на маснокиселински состав на масла, одредување на фунгициди.

## 63. Заштита на права од интелектуална сопственост

Како резултат на постигнатите резултати на полето на заштита на правата од интелектуалната сопственост Царинската управа на Република Македонија ја доби наградата на СЦО „**Yolanda Benitez WCO Trophy 2009 Combating Counterfeiting and Piracy**“ за достигнувања во борбата против фалсификувањето и пиратеријата, во конкуренција 174 администрации членки на СЦО.



Наградата беше врачена на 27 јуни 2009 година во Брисел од страна на Генералниот секретар, г-дин Kunio Mikuriya. Претходни добитници на оваа награда се Италија во 2008, Германија во 2007 и Кореа во 2006 година. Втора и трета награда добија царинските администрации на Белгија, Саудиска Арабија и Уругвај.




СЦО оваа награда ја доделува по четврти пат и е посветена на царинскиот службеник на Парагвај - Јоланда Бенитес, која била убиена на 23 септември 2005 година, при обид да спречи влез на неколку контејнери со пиратски ЦД-а.

Царинската управа во 2009 година продолжи со активностите за развој на свеста за негативните последици од трговијата со фалсификати (даночна евазија, перење пари, финансиски измами, фалсификување документи). Во овој контекст, активностите за борба против овој феномен продолжуваат во насока на испитување на финансиските трансакции на лцціата кои увезуваат и превезуваат фалсификати.

**На крајот на 2009 година во Царинската управа беа регистрирани 250 трговски марки за заштита на права од интелектуална сопственост, споредено со 199 а крајот на 2008 година.**

Поради основано сомневање за увоз и транзит на стока која повредува права од интелектуална сопственост, **во 2009 година привремено се задржани над еден милион парчиња и 196 килограми различни видови стока** (во 2008 година привремено се задржани 983 илјади парчиња, 20 илјади килограми, 11 илјади литри и 550 метри стока).

Во 2009 година Царинската управа интервенираше во 130 случаи на осоновано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост во постапка на увоз, извоз, транзит на стока и постапка на царинско складирање (споредено со 173 во 2008 година). Намалениот број на интервенции е пред сè поради намалениот увоз, а посебно транзит, како резултат на строгите контроли, како и поради зајакнатите мерки од соседните семји, посебно од страна на Република Бугарија.

736 илјади парчиња
CD, DVD, VCD, CD-R




53 илјади парчиња козметички препарати



136 илјади парчиња етикети и копчиња









21 илјада парчиња спортска опрема и обувки



20 илјади парчиња прибор за мобилни телефони



14 илјади парчиња парфеми, тоалетни води и дезодоранси



14 илјади парчиња очила за сонце, ташни, ремени, паричници, привезоци, часовници, запаилки и други додатоци за лична употреба







6 илјади парчиња делови за автомобили




25 илјади парчиња други стоки



Согласно Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, а после завршената постапка за утврдување на фалсификат и повреда на правото на интелектуална сопственост, Царинската управа во 2009 година им асистираше на имателите на брендовите во спроведувањето на постапки за уништување на 70 илјади парчиња фалсификувани стоки (230 илјади во 2008 година).



## 64. Примена на законите

**Контрола на трговски друштва**

Во 2009 година се извршени 194 контроли на трговски друштва (244 во 2008 година) врз чија основа се иницирани 801 предлог за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупна висина од 14,3 милиони денари (1.189 постапки за дополнителна наплата на царински долг во 2008 година).

Во 2009 година се извршени 349 контроли на иматели на одобренија за увоз за облагородување и царинско складирање (418 во 2008 година), врз чија основа се изречени 215 мандатни казни (206 во 2008 година), а во 15 случаи е изречена мерка одземање на одобрението (19 случаи во 2008 година).

Во 2009 година, Царинската управа до странски царински служби испрати 395 барања за проверка на фактурната вредност и 203 барања за проверка на докази за потекло (во 2008 година се испратени 215 барања за проверка на фактурната вредност и 208 барања за проверка на докази за потекло). Врз основа на пристигнати одговори во 2009 годинна е спроведена постапка за дополнителна наплата на 75 милиони денари (околу 1,2 милиони евра).

Врз основа на контролите базирани на системот за анализа на ризик во 2009 година се наплатени 675 милиони денари увозни давачки (околу 11 милиони евра).

**Взаемна соработка**

Во своите активности за спречување на нелегалната трговија Царинската управа тесно соработува со Граничната полиција, Финансиска полиција, Управата за спречување на перење пари, Управата за јавни приходи, Дирекцијата за ветеринарство, Дирекцијата за храна, Дирекцијата за радијациска сигурност и други државни органи. Секојдневно се користат услугите на системите за автоматско превземање на податоците од Централниот регистар за правни лица како и од Централниот депозитар - податоци за плаќање кои ги превзема софтверот за наплата.

**Спречен шверц и привремено задржана стока**

Од страна на посебните специјални единици на Царинската управа се извршени детални прегледи на 4.308 товарни моторни возила (4.883 во 2008 година**),** 2677 автобуси (908 во 2008 година), 2.685 патнички моторни возила (5.251 во 2008 година) и 30 возови. Заедно со прегледите на граничните и внатрешните царински испостави, поради констатирани обиди за нелегален увоз или транзит, привремено се задржани значителни количини разна стока, од кои покарактеристични се следните:

1.114.800 парчиња цигари



118.547 парчиња текстилни производи



24.989 парчиња,електрични апарати и опрема



1.005 парчиња часовници



25.000 парчиња лекови и помошни лековити средства




106.527 парчиња козметика и хигиенски производи



165.274 парчиња накит и бижутерија



1.191 парчиња ткаенина, кожи, теписи



13.400 пара обувки



38.200 парчиња и 2084 кг храна и прехрамбени производи




1.232 парчиња гасна, ловечка и пиштолска муниција и 6 парчиња оружје



2.229 парчиња машини, алати, делови, 6.667 парчиња, ташни, паричници, ремени, и поголеми количини на играчки и разновидни стоки за домаќинството и индустријата.

За правно извршната запленета стока (поминати сите управни и судски постапки), Царинската управа во 2009 година спроведе 3 јавни лицитации за продажба и за истите немаше понудувачи, 8 објави за продажби по пат на прибирање на понуди и за истите немаше понудувачи и 3 продажби со непосредна спогодба, при што е продадена стока во вкупна вредност од околу 290 илјади денари. Во истиот период, Владата на Република Македонија донесе 10 решенија за бесплатно отстапување на запленета стока на државни органи и хуманитарни организации. Стоките кои не можат да се продадат или бесплатно отстапат се уништуваат согласно царинските прописи. Во 2009 година се уништени 111 илјади парчиња цигари, 264 литри. алкохолни пијалоци, 1820 килограми свински јазици, 20 килограми препарати за коса, 1 парче фотолабораториска машина, 1260 килограми ситна техничка стока и разни други стоки.

**Нелегален пренос на готови пари**

Царинската управа во 2009 година во повеќе наврати откри обиди за внесување и изнесување непријавени готови странски пари над дозволениот максимум, при што привремено задржа различни странски пари 204 илјади швајцарски франци, 193 илјади евра и 5 илјади британски фунти (во 2008 година привремено се задржани 998 илјади евра (вклучително и 170 илјади фалсификувани американски долари).



**Откриени фалсификувани судски таксени марки**

Во ноември 2009 година на на граничниот премин Јажинце, при детален претрес на патничко возило со македонски регистарски ознаки, под тапацирот на совозачкото седиште царинските службеници пронајдоа 143.274 парчиња судски таксени марки од по 50 денари, спакувани во четири хартиени пакувања залепени со селотејп трака. Вкупната вредност на судските таксени марки изнесува над 7 милиони денари.

**Недозволена трговија со наркотици**

Во текот на 2009 година Царинската управа откри и учествуваше во откривање на повеќе обиди за нелегална трговија со наркотици, при што, меѓу другото, се запленети и заплени 170 кг хероин, 10.000 парчиња екстази и 2.400 парчиња ефердин прекурзор (во 2008 година заплени 12 кг морфин, 37, 7 килограми хероин, 49 грама семе канабис).



**Археолошко- етнолошки предмети, уметнички слики, стари монети**

Во јули 2009 година на граничниот премин Табановце на излез од Република Македонија царинските службеници открија обид за шверцување на 569 парчиња монети, накит и фигури, за кои е утврдено дека отекнуваат од I век - римски период, I век од нашата ера, како и од XII век - византиско време, додека накитот и фигурите потекнуваат од железното време, односно VI-VII век пред нашата ера. Истиот месец, на влез во Република Македонија, царинските службеници од граничниот премин Богородица пронајдоа 2 непријавени икони насликани на дрвена подлога, оригинални дела на средновековната црковна уметност, изработени помеѓу XIV и XVIII век.



**Заштита на здравјето и животната средина**

Во 2009 година Царинската управа на влез во Република Македонија детектираше 7 (6 во 2008 година) случаи на значително зголемено ниво на радиоактивно зрачење над дозволеното и во соработка со Дирекцијата за радиациона заштита реагираше и презеде мерки за отстранување на штетни последици.



**Спречен влез и транзит на илегални имигранти**

Во 4 поединечни случаи, од кои во 2 случаи со користење на ренгенските скенери за контрола на големи возила и контејнери, Царинската управа спречи обиди за влез и транзит низ Република Македонија на 36 илегални имигранти.







**Царински кривични дела**

Врз основа на спроведени истраги, Царинската управа во 2009 година до јавните обвинителства поднесе 123 кривични пријави против 49 правно и 147 физички лица. И во 2009 година најголем дел од кривичните пријави се однесуваат за сторено кривично дело, измама, криумчарење и недозволен промет со акцизни стоки.

| Кривично дело | 2008 | 2009 |
|---|---|---|
| Внесување опасни материи | 1 | |
| Даночно затајување | 5 | |
| Закон за акцизи и лажно пријавув. на кривично дело | 1 | |
| Кражба | 1 | |
| Криумчарење | 38 | 26 |
| Недозволена изработка, чување и тргув.со оружје | 1 | 2 |
| Недозволено производство | 1 | |
| Неовластено производство и промет со наркотици | 2 | 4 |
| Неовластено производство и промет со оружје | 3 | |
| Промет со акцизни стоки без бандероли | 35 | 28 |
| Спречување на службено лице во врш.на сл. дејствија | 1 | |
| Транспорт со акцизни стоки од акциз.склад | 3 | 5 |
| Фалсификување и употреба на исправа | 20 | 4 |
| Фалсификување пари | 1 | |
| Царинска измама | 51 | 44 |
| Недозволена трговија | | 1 |
| Производство и пуштање во промет штетни средства за лекување | | 3 |
| Фалсификување на знаци за вредност | | 2 |
| Криумчарење мигранти | | 2 |
| Изнесување и извезување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости | | 1 |
| Неовластено производство и промет со општо опасни материи | | 1 |
| Вкупно | 164 | 123 |

**Царински прекршоци**

За сторени царински прекршоци во 2009 година се поднесени 1534 пријави. Во текот на 2009 година се решени 640 предмети (863 во 2008) при што е изречена и наплатена глоба во вкупен износ од 43 милиони денари. Истовремено се изречени и 3.861 мандатна казна за царински прекршоци во износ од 45 милиони денари (околу 733 илјади евра).

**Меѓународни операции**

Во 2009 година Царинската управа координираше и организираше на национално ниво 8 меѓународни операции: DEMETER за спречување на нелегална трговија на отпад и опасни материи, PANDORA за контрола на високоризични пратки со контејнери кои доаѓаат од азиските земји, CITES за борба против криумчарење на заштитени ретки видови на диви животни, TROJAN HORSE за борба против криумчарење на стока која го повредува правото на интелектуална сопственост, BARTER за спречување на недозволената трговија со дрога, SEZAM проект за заплена на пари, OBELIKS проект за заштита на културното наследство и ATLAS за спречување на нелегално пренесување на пари во авиосообраќајот.

Интензивирана е соработка со РИЛО во рамките на СЦО со внесување на податоци во CEN базата на податоци, продолжи соработката со ZKA Балкан Инфо за размена на податоци за заплена на дрога и податоци за потенцијално криумчарење на дрога.

**Наплатени увозни давачки во 2009 година**

На име увозни давачки во 2009 година се наплатени вкупно 39 милијарди денари што е за 23% помалку во однос на 2008 година.

На име царина и други царински давачки во 2009 година се наплатени 5,4 милиони денари (околу 88 милиони евра) што е за 15% помалку од остварувањето во 2008 година.

Приходите од увозен ДДВ во 2009 година изнесуваат 32,5 милијарди денари (околу 528 милиони евра), што е за 25% помалку од оствареното во 2008 година.

Наплатените приходи од акциза во 2009 година изнесуваат 886 милиони денари (околу 14,4 милиони евра), што е за 9% помалку од 2008 година.

Наплатените приходи од надоместоци во 2009 година изнесуваат 280 милиони денари (околу 4,5 милиони евра), што е за 3% повеќе од 2008 година.

Основна причина за помалата наплата на приходи е значително намалената вредност на увозот. Увозот во 2009 година изнесува 201 милијарди денари што е за 23,2% помалку во однос на 2008 година кога вкупниот увоз изнесувал 261 милијарди денари. Помала вредност на увезени стоки е забележана кај возилата, машини и механички уреди, нивни делови, мебел, минерални горива, облека, обувки, керамички производи, пластични маси и производи од пластични маси, производи од железо или челик и органски хемиски производи.

Намалувањето на берзанските цени на горивата, металите, материјалите од пластика во 2009 година во оснос на 2008 година влијаат на обемот на увоз на оваа група на производи што резултира со намалување на приходот од царински давачки кај оваа група на производи.

Намалувањето на основните царински стапки влијае на намалувањето на приходите од царинските давачки кај следниве групи на производи: машини и механички уреди, електрични машини и опрема и нивни делови, керамички производи, пластични маси и производи од пластични маси и органски хемиски производи.

Намалувањата на преференцијалните стапки согласно динамиката на намалувања предвидана со договорите за слободна трговија учествуваат во вкупните намалувања на приходите. Динамиката на намалувања е најзначителна кај увозот на производи со потекло од ЕУ.

Најголемо влијание на намалувањето на приходите од ДДВ има кај горивата, производите од железо и челик и кај возилата, со оглед на тоа дека кај оваа група на производи е забележан намален обем на увозот.

## 65. Воспоставен Регионален центар за обуки на СЦО во Република Македонија



Во септември 2009 година во Скопје, претседателот на СЦО, Кунио Микурија, деканот на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Љубомир Кекеновски и директорот на Царинската управа на Република Македонија, Ванчо Каргов, потпишаа Меморандум за соработка за основање и работа на Регионален центар за обуки на СЦО во Република Македонија.

Регионалниот центар за обуки има за цел да придонесе заградење на административниот капацитет на царинските служби во регионот во насока на зголемување на квалитетот и забрзувањето на царинските постапки, притоа имајќи ја предвид основната цел на формирањето на СЦО како меѓународна организација за глобално усогласување на царинското работење. Првите активности Центарот ќе ги спроведе во 2010 година преку организација на конференции и обуки во соработка со СЦО и тоа: Европска конференција за управувањето во царината за високи раководители, Регионална конференција за подобрување на наплатата на приходи – Улогата на приходите од царини во фінансискиот систем и Состанок на Регионалните тренинг центри на Европскиот регион на СЦО.

## 66. Поставена платформата на СЦО за електронско учење

Мисија на СЦО ја инсталираше нивната платформа за електронско учење (e-learning) во Царинската управа. Извршена е обука на вработените за нејзино користење и изработен е план за инсталирање на модулите и системот во согласност со Стратегијата за обуки и стручно усовршување на царинските работници и Акциониот план и Годишната програма за обуки. На македонски јазик се преведени модулите за гранични контроли, интегритет, SAFE Програмата и измените на хармонизираниот систем. Во март 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за користење на програмата за електронско учење.**

## 67. Објавување на месечно списание “Царина”




Во 2009 година беа објавени 10 броја на списанието “Царина”. Во списанието се објавуваат новини во царинското работење и податоци за областите кои се интересни за пошироката трговска и бизнис заедница. Весникот “Царина” се издава со цел зголемување на ефикасноста и транспарентноста во работењето на Царинската управа, запознавање на деловната заедницата со тековните и планираните активности во царинското работење, објавување на информации за потребите на сите вработени на Царинската управа.

## 68. Продолжи попишувањето на документите во царинската библиотека

Во царинската библиотека содржините се поделени во десет области. Истата претставува инструмент преку кој сите вработени во Царинската управа имаат пристап до сите материјали (печатени, аудио и видео) со кои располага Централната управа, а кои се добиени по различни основи (купување, донација, сопствено издаваштво или преку учество на меѓународни активности). Преку развојот на библиотеката се врши колекционирање и попишување на сите материјали, нивно систематско класифицирање и

евидентирање според областа за која се однесуваат, како и постојано ажурирање на библиотечниот фонд. Списокот на книги, публикации, видео и аудио материјали е објавен на интранет страната на Царинската управа и е достапен за користење од страна на сите вработени. Списокот на библиотечниот фонд ќе биде постојано ажуриран и дополнуван согласно приливот на нови содржини.

## 69. Обука на тема „Правопис и правоговор на македонскиот јазик“

Одделението за обуки во декември организираше обука на тема „Правопис и правоговор на македонскиот јазик“. Теми на обуката беа: правопис и правоговор на одделните гласови и на гласовите во зборот, правописни правила (употреба на голема буква, слеано и разделено пишување, скратенки и скратување на зборовите, усно и писмено општење), акцент, акцентски целости, транскрипција на туѓите имиња, интерпукциски правописни знаци, имиња на жители, географски и други имиња, карактеристики на одделни стилови во употребата на правописот, употреба на туѓи зборови, синоними и антоними, зборoредот во македонската реченица. Предавачи на обуката беа професори од Институтот за македонски јазик.

## 70. Нова Програма за техничка помош со Царинската и даночната управа на Холандија

Кон крајот на 2009 година Царинската управа на Република Македонија и Царинската и даночната управа на Холандија договорија нова програма за техничка соработка за периодот 2010 – 2014 година. Согласно договорот, Царинската и даночната управа на Холандија ќе и обезбеди екпертиза на Царинската управа на Република Македонија за натамошно зајакнување на капацитетите во областа на надзорот на трговски друштва, царинските постапки со економски ефект и овластен економски оператор, заштита на правата од интелектуална сопственост, царинска лабораторија и соработката со Управата за јавни приходи. Посебно важно во новата програма претставува унапредувањето на системот за управување со човечки ресурси, воведување систем на компетенции и менување на работната култура, како и јакнењето на комуникациските и менаџерските способности.

## 71. Реализирана Програмата за обуки во Царинската управа 2009




Согласно годишната Програма за обуки, во 2009 година се реализирани 253 настани (213 во 2008 година) активности во вид на обуки, семинари, работилници и презентации. На нив присуствуваа 3,276 царински службеници (3,418 во 2008 година) од Царинската управа. Во просек, секој учесник на обуките има добиено просечно 90 часа, а секој вработен во Царинската управа во 2009 година има добиено просечно 24 (58 во 2008 година) часа или 3 (4 во 2008 година) дена обука и стручно оспособување.

Покрај обуките спроведени од страна на обучувачи на Царинската управа, дел од обуките беа реализирани во организација на странски царински служби и организации, а пред сè на:

- Програмата за техничка помош од Царинската и даночната упарава на Холандија, во областа на царинските постапки со економски ефект, вредност, потекло и заштита на правата од интелектуална сопственост,

- Владата на САД, во областа на контролите и истрагите,
- Програмата за соработка со Владата на Република Словенија во областа на TARIC, царинска лабораторија, европското царинско законодавство во делот на процедурите и продажбата на запленета стока, наплата на царински долг, концепт за овластен економски оператор и воведување на информации пред доаѓање и пред заминување.

## 72. Склучен договор за соработка со консултантската куќа Crown Agents

Во септември 2009 година успешно заврши двегодишниот ангажман на консултантите ангажирани преку Crown Agents во неколку области: воведување/ имплементација на системи на контрола и процедури засновани на ризик, развој на истражни и разузнавачки функции, оперативна поддршка и техничко водење на Секторот за контрола и истраги за откривање на илегална трговија, криумчарење и економски криминал, развој и унапредување на ефективна меѓуагенциска соработка во земјата и странство, развој и ефективна имплементација на антикорупциска стратегија.

Новиот, 12-месечен, договор, базиран на меѓусебна соработка и сопствено поднесување на трошоците (не е комерцијален договор), ги покрива областите на натамошен развој на разузнавањето и анализата на ризикот, а обезбедува и правна рамка за учество на вработени од Царинската управа во проекти на оваа консултантска куќа во странство.

## 73. Обезбеден бенифициран стаж за царинските службеници

Согласно можностите предвидени со Законот за Царинска управа, а врз основа на изработен елаборат од страна на лиценцирана агенција, издадени одобренија од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, како и обезбедено буџетско финансирање, од втората половина на 2009 година започна исплата на зголемен износ на придонеси за пензиско осигурување. Во зависност од утврдените специфични тешки и ризични услови, за одредени работни места се плаќа дополнителни 2 до 4 месеци придонеси за пензиско осигурување за секои 12 месеци стаж.

## 74. Дефиниран начин на ротирање и прераспоредување на царински службеници

Во април 2009 година Царинската управа донесе Упатство за ротирање и прераспоредување на царински службеници, со кое се дефинираат целите, видовите и начинот на ротирање и прераспоредување на царинските службеници во циклуси и поединечно, со цел транспарентно намалување на изложеноста на евентуална злоупотреба на службената должност.

## 75. Конципиран начинот на напредување на царинските службеници

Со цел обезбедување правичен и транспарентен начин на напредување на царинските службеници во службата, подготвено е Упатство за начинот и постапката на остварување систем на кариера на царинските службеници.

## 76. Признание за познавањата на царинските службеници на царинската проблематика

Со предложените измени на Царинскиот закон предвидено е царинските службеници со повеќе од 3 години работен стаж во спроведување на царински постапки да можат да стекан лиценца за вршење работи на застапување во царински постапки. Согласно регулативата, Царинската управа спроведува обуки врши тестрање и лиценцирање на физички лица за вршење работи на застапување во царински постапки. Имајќи предвид дека царинските обучувачи и оценувачи на резултатите на кандидатите се должни да

имаат најдобри познавања во областа на царината, логично беше дека истите, како и другите царински службеници кои долги години спроведуваат царински постапки, да имаат можност по автоматизам да се стекнат со лиценца за вршење работи за застапување во царински постапки.

## 77. Први синдикални спортски игри на вработените на Царинската управа

Првите синдикални спортски игри на вработените на Царинската управа на Република Македонија се одржаа во октомври 2009 година во Охрид, во организација на самостојниот синдикат на Царинската управа на Република Македонија. Спортските игри се одржаа во салата „Билјанини извори" и во хотелот Парк во Охрид и на нив учествуваа околу 150 претставници од Царинарница Куманово, Штип, Битола, Скопје и Гевгелија, како и од Централната управа.



Во духот на фер-плеј, олимпизам, другарството и пријателството, за време на дводневните натпреварувања се одржаа натпревари во седум дисциплини - фудбал, кошарка одбојка, стрелаштво, шах, пинг-понг и влечење на јаже. За покажаните резултати, на најподготвените, претседателот на самостојниот синдикат им додели дипломи, а беше доделен и пехар за севкупен победник кој го освои екипата на Централната управа.

## 78. Сузбивање на злоупотребата на службена должност и сударот на инетереси

### Внатрешни инспекции

Во 2009 година се извршени 58 инспекции во сите организациони единици на Царинската управа (споредено со 46 во 2008 година, 33 во 2007 година, односно 22 во 2006 година). Од приложената табела може да се види дека во 2009 година значително внимание е посветено на регуларноста на работењето во Централната управа, со извршени 35 инспекции, споредено со 2008 година кога се извршени 17, а посебно 2007 година кога во Централната управа се извршени 2 инспекции. Врз основа на наодите од извршените инспекции, се продолжува со внатрешни истраги за испитување постоење дисциплинска одговорност, како и со преземање истражни мерки и истраги против сторители на царински прекршочни и кривични дела.

| **Организационен дел** | **Број на инспекции** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2008** | **2007** | **2006** |
| Централна управа | 35 | 17 | 2 | |
| Царинарница Скопје | 8 | 9 | 10 | 16 |
| Царинарница Куманово | 4 | 2 | 1 | 1 |
| Царинарница Штип | 4 | 8 | 9 | 2 |
| Царинарница Битола | 2 | 5 | 6 | 2 |
| Царинарница Гевгелија | 5 | 5 | 5 | 1 |
| **Вкупно** | **58** | **46** | **33** | **22** |

**Внатрешни истраги**

| Организационен дел | Број на истраги | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2008 | 2007 | 2006 |
| Централна управа | 44 | 20 | | |
| Царинарница Скопје | 24 | 33 | 65 | 23 |
| Царинарница Куманово | 24 | 22 | 29 | 17 |
| Царинарница Штип | 11 | 18 | 57 | 7 |
| Царинарница Битола | 12 | 25 | 27 | 14 |
| Царинарница Гевгелија | 12 | 22 | 62 | 10 |
| **Вкупно** | **127** | **140** | **240** | **71** |

. Во 2009 година се спроведени 127 внатрешни истраги (споредено со 140 во 2008, 240 во 2007 година, а 71 во 2006 година), при што, во 52 случаи (спредено со 70 во 2008 година, 87 во 2007 година) се констатирани дисциплински повреди и нерегуларности. За разлика од 2007 и 2006 година кога не е спроведена ниту една внатрешна истрага во централна управа, во 2008 година се извршени 20 внатрешни истраги во централната управа, а во 2006 година се извршени 71 истрага.

**Дисциплински постапки**

Во 2009 година се поведени 99 дисциплински постапки (93 во 2008 година) за утврдување на одговорност кај вработените кои сториле повреда на работниот ред и дисциплина, врз чија основа се донесени 27 решенија за престанок на работен однос, 42 решенија за изречена дисциплинска мерка парична казна и 30 решенија со кои се запира дисциплинската постапка поради застареност за дисциплинска одговорност или немање на одговорност по поднесениот предлог (во 2008 година се донесени 46 решенија за престанок на работен, 35 решенија за изречена дисциплинска мерка парична казна и 17 решенија со кои се запира дисциплинската постапка поради застареност за дисциплинска одговорност или немање на одговорност по поднесениот предлог).

Во 2009 година се иззречени 16 суспендирања на царински службеници поради сторени кривични дела поврзани со вршење на службените должности (4 во 2008).

Од вкупно 169 кривични предмети во временски период од 2002 до 2009 година, на крајот на декември 2009 година, сеуште во судска постапка се 108 кривични предмети против 90 лица сеуште вработени во Царинската управа и 84 поранешни вработени лица во Царинската управа. Кривичните предмети се со старост од 2 месеци до 7 години. Со завршена судска постапка и конечна одлука се вкупно 50 кривични предмети, додека за 11 нема информација во кој статус се наоѓаат. Кај основните судови во постапка се 100 кривични предмети со старост од 2 месеци до 7 години. Од вкупниот број на кривични предмети кои се наоѓаат пред основните судови, 40 предмети се наоѓаат во фаза на истрага, 11 предмети се вратени на повторно одлучување, 10 предмети се наоѓаат во судска расправа, додека 39 предмети се наоѓаат во фаза на судско вештачење. Кај апелационите судови во постапка се 8 предмети со старост од една до 5 години. Во соработка со Министерството за внатрешни работи е поднесена една кривична пријава која се наоѓа во постапка кај Основното јавно обвинителство

**Внатрешна ревизија**

Во 2009 година извршени 22 внатрешни ревизии (11 во 2008 година) со кои на ревидираните организациони единици им се предложени 93 препораки за подобрување на работењето (40 во 2008). Од дадените препораки во текот на 2009 година реализирани се 69, во тек на реализација се 13 препораки, а за останатите 11 препораки чиј рок за иплементација е во 2010 година.

## 79. Уредено ракувањето со основните средства во Царинската управа

Со цел поефикасно и поекономично користење на материјалните ресурси, во јули 2009 година Царинската управа донесе **Упатство за евидентирање и движење на основните средства**, со кое се уредува начинот на евидентирање и движење на основните средства во текот на нивната употреба сè до престанување на потребата од нивно натамошно користење и ставање вон употреба.

## 80. Конципирано постапувањето со ИТ опремата од аспект на безбедноста

Со цел воведувањето правила за користење, процедури и стандарди во информациската технологија во Царинската управа, оптимално користење и управување со информациската технологија и заштита на податоците, како и за обезбедување ефективно, ефикасно и сигурно работење на информатичките системи и технолошките инфраструктури, подготвено е **Упатство за постапување со ИТ опремата од аспект на ИТ безбедноста** во Царинската управа.

## 81. Овозможено вклучување на податоци од GPS за користењето на службените возила

Во мај 2009 година Царинската управа донесе ново **Упатството за користење и управување со службени возила,** со кое се уредуваат постапките за чување, издавање и употреба на службени моторни возила во Царинската управа, нивната категоризација, евиденција, означување, одржување и поправка, вршењето надзор, начинот на користење на системот за глобално позиционирање - GPS, како и одговорноста на вработените

## 82. Воведен електронски систем за евиденција на работното време

Во функција е ставен **Систем за евиденција на работно време и контрола на пристап (SWT&CA)**, наменет за следење и контрола на работното време на вработените во Царинската управа. Електронскиот систем за евиденција на работното време го утврдува начинот и постапката за евиденција на работно време во Царинската управа, изгледот на картичката за евиденција на работното време, обврските на вработените и раководителите и надлежностите за постапување со цел правилно евидентирање на работното време, контрола на користењето на работното време од страна на вработените и контрола на пристапот во просториите на Царинската управа. Поставени се магнетни брави за контрола на пристапот до и движењето во просториите на Царинската управа.

Во април 2009 година Царинската управа донесе ново **Упатство за работното време** со кое се дефинира почетокот, крајот на работното време и отстапувањата, контролата со новиот софтвер за контрола на работното време и влезот во работните простории на Царинската управа, надлежносите за надзор на користењето на работното време, а ревидирани и приклучени се одредбите од Упатството за остварување прекувремена работа.

## 83. Уредено користењето на моторните патролни чамци

Во август 2009 година се усвоени **Упатство за работа со моторни чамци во Царинската управа** и **Прирачник за работа со моторни чамци**, со кои се уредува организацијата и работата со патролни моторни чамци, поставувањето, користењето и чувањето на опремата за работа, како и обуката на царинските службеници на кои им е доделено ракувањето со моторни чамци. Дефинирани се обврските и одговорностите на царинските службеници со цел безбедно ракување со моторните чамци, нивно пристанување или закотвување и контролните постапки за другите пловни средства.

## 84. Утврден на начинот и постапката за издавање под закуп на деловен и рекламен простор на граничните премини

Во март 2009 година Царинската управа донесе Упатство за начинот и постапката за издавање под закуп на деловен и рекламен простор на граничните премини на Република Македонија за патен сообраќај, а над кои право на управување, уредување и одржување има Царинската управа на Република Македонија.

## 85. Формирана комисија за следење на финансиските ризици на Царинската управа

Во март 2009 година Царинската управа формираше **Комисија за управување со средствата и обврските** чија цел е следење, анализирање и предлагање мерки за намалување на ризиците од финансиски загуби и зголемување на ефикасноста при користењето на финансиските ресурси на Царинската управа. Комисијата работи врз основа на деловник која самата го има донесено.

## 86. Ревидирана постапката за ракување со одземени и стоки отстапени во корист на државата

Во април 2009 година Царинската управа го ревидираше Упатството за постапување со одземени и стоки отстапени во корист на државата, со цел елиминирање на потешкотиите утврдени со досегашната имплемтација.

## 87. Уредување на работните процеси со вклучување на Секторот за административни и те хнички работи

Поради формирањето на новиот Сектор за административни и технички работи донесени се измени и дополнувања на следните интерни акти:

- Упатство за користење службени мобилни телефони,
- Упатство за подготвување и извршување на финансискиот план, планот за набавки и планот за инвестиции,
- Упатство за вршење набавки.

## 88. Одржување на градежните објекти

Извршена е реконструкција на неколку објекти на Царинската управа како што се: Управна зграда на Царинарница Битола (за својот триесетти роденден, комплетно беше обновена фасадата, дотраените санитарни јазли, нова просторија за архива со површина од 100 $m^2$и нови подни облоги во целиот објект и обезбедено е поефикасно греење и ладење, нов кровен покривач од лим и термичка изолација), Граничен премин Ново Село, Царинарница Скопје и ЦИ Трубарево и Магацинот за одземена стока во Тетово. Во октомври заврши реновирањето на управната зграда на Царинарница Битола, прво по ред во своето триесет годишно отворање.



Поставени се соодветни приклучоци за снабдување со електрична енергија на мобилните скенери на граничните премини.

Поставени се четири колски ваги кои ќе овозможат забрзување на процедурата за извозно царинење на ГП Табановце, ГП Блаце, ГП Меџитлија и ГП Ќафасан. Царинската управа во два наврати изврши драстично намалување на износот на терминалната такса, а

мерењето на колските ваги од 2009 година е без надомест, Набавени се две мобилни ваги за тешки товарни возила за потребите на мобилните царински службеници.

Изработена е и од страна на Министерството за транспорт и врски е усвоена Програмата за поставување времени објекти на граничните премини со која е регулирано поставувањето на сите времени објекти на Царинската управа на сите гранични премини и во исто време во соработка со Државната градежна инспекција отстранети се објектите кои не се составен дел на усвоената програма.

Завршено е геодетското снимање и етажен премер на сите објекти на граничните премини како и снимање на земјиштето на премините каде постојат урбанистички проекти и изготвени се геодетски елаборати кои ќе послужат за продолжување на процесот за запишување на објектите и земјиштето во Агенцијата за катастар на недвижности.

Завршени се сите потребни инфраструктурни работи и поставен е времен објект во Свети Наум како подготовка за отварање на новиот бродски граничен премин помеѓу Република Македонија и Република Албанија.

Завршена е првата фаза од експропријација на земјиштето во границата на опфатот на Граничниот премин Блаце и запишани се сите парцели во Агенцијата за катастар на недвижности како сопственост на Република Македонија.

## 89. Други активности за зајакнување на логистичката поддршка на Царинската управа

Со цел натамоно јакнење на условите за спроведување на надлежностите на Царинската управа, во претходниот период се подготвени нови и ревидирани постони (сеуште не се усвоени) интерни акти:

- Упатство за користење буџетски средства на Царинската управа наменети за репрезентација,
- Сметководствени правила за евидентирање донации во Царинската управа,
- Упатство за начинот и постапката за задржување на средства од платата на вработените во Царинската управа,
- Упатство за начинот на постапување со уплатените парични средства на евидентнта сметка на Царинската управа,
- Упатство за постапување во случај на пожар,
- Упатство за внатрешниот контролен систем на Царинската управа,
- Упатство за ликвидирање сметководствени документи во Царинската управа,
- Упатство за начинот и условите за пристап во ИКТ системот на Царинската управа,
- Правилник за работа со класифицирани информации во Царинската управа,
- Упатство за работа со класифицирани информации во Царинската управа,
- Упатство за мерење на колска вага,
- Упатство за прием на странки во Царинската управа,
- Упатство за начинот и постапката за вршење наплата на царинските терминали,
- Упатство за изготвување и следење на реализацијата на плановите на Царинската управа,
- Нов Колективен договор,
- Упатство за минималната опрема со која треба да располагаат организационите единици во Царинската управа,

**90. Регионален координаитвен форум - Проект на ЕУ ТАСТА (Technical Assistance to Customs and Tax Administrations - Техничка помош на царинските и даночните администрации)**

Во мај 2009 година во Скопје се одржа петтиот регионален координативен форум во рамки на проектот на ЕУ ТАСТА на кој присуствуваа директорите на царинските служби од Република Македонија и државите од Западен Балкан -корисничкинa помошта: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија и Црна Гора. Генералните директори на состанокот усвоија заклучоци со кои ја искажаа својата заложба за засилување на взаемната соработка на полето на електронската размена на информации и поврзувањето на царинските информациски системи, за испитување на можностите за заеднички и взаемни контроли. Оттогаш наваму нема регистрирано активности во контекст на искажаните заложби.

**Проектот ТАСТА обезбедува помош за модернизација на организационата структура и царинското работење, поддржува развој на нови стратегии во борбата против царинските измами и недозволената трговија. Регионалната соработка е еден од основните столбови на Проектот, а постојаниот дијалог помеѓу царинските служби на државите од Западен Балкан овозможува подобрување на институционалната соработка на царинските служби.**

**91. Презентирање на искуството од воведување на електронскиот Едношалтерски систем за издавање дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (EXIM)**



Поради искажаниот интерес од договорните страни на Договорот ЦЕФТА, Царинската управа на Република Македонија - координатор на проектните активности за воведување на електронскиот Едношалтерски систем за издавање дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (EXIM) организираше состанок на регионално ниво за презентирање на нејзиното искуство со Едношалтерскиот систем, единствен систем од ваков вид во регионот.

**92. Регионална конференција за искуството на Република Македонија од воведување на електронскиот Едношалтерски систем за издавање дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (EXIM)**

Во организација на Царинската управа и во соработка со Економската комисијата на Обединетите нации за Европа (UNECE), УСАИД и Секретаријатот на ЦЕФТА 2006, во декември 2009 година во Скопје се одржа Третата конфереција за Југоисточна Европа за олеснување на трговијата, едношалтерски систем и хармонизација на трговските податоци. На Конференцијата учествуваа претставници од Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Молдавијаа, Косово, Србија, Турција, Хрватска, Црна Гора, Шведска, UNECE, СЦО, Европската Комисија и УСАИД. На конфренцијата се дефинирани областите за идната регионална соработка на полето на примената на модерната технологија во олеснување на трговијата, воспоставувањето на едношалтерскиот систем и хармонизацијата на трговските податоци, како и основните принципи за електронска размена на податоци помеѓу земјите од регионот.

### 93. Регионален семинар за препознавање фалсификати

Царинската управа во соработка со SNB REACT - европска мрежа против фалсификување, на 17 септември 2009 година организираше семинар за препознавање на трговски мерки за заштита на интелектуална сопственост. Покрај царински службеници, пазарни инспектори и други службени лица, на семинарот присуствуваа и претставници на надлежните служби од земјите од регионот, домашни и странски претставници на иматели на трговски марки итн.

Семинарот претставува продолжение на континуираната обука за оспособување на царинските службеници и пазарните инспектори за препознавање на фалсификати.

### 94. Поддршка од Владата на САД

Во мај 2009 година Владата на САД на Царинската управа ѝ донираше опрема наменета за откривање на радиоактивно зрачење, компјутерска и канцелариска опрема, како и други помошни средства за работа на царинските мобилни тимови, во вредноост од околу 150 илјади американски долари, а во октомври 2009 година дигитални мобилни радио станици, како дополнение на претходната донација за воспоставување на радио систем за потребите на Царинската управа.

### 95. Донаторски координативни состаноци

Во јуни 2009 и декември 2009 година беа организирани петтиот и шестиот донаторски координативен состанок во областа на царинското работење. На состаноците присуствуваа постојните и потенцијалните донатори кои придонесуваат за реформите во Царинската управа. Беа презентирани области и проекти кои ќе бидат интересни од аспект на можностите да бидат финансирани од донатори.

### 96. Интензивирање на соработката со царината на Република Србија

На 6 август 2009 година се потпиша Договорот за усогласен сет на податоци кои ќе се раменуваат по електронски пат преку користење на системот SEED помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Царинската управа на Србија. Овој концепт на соработка,преку размена на електронски подтоци, ќе допринесе за поефикасна имплементација на царинското законодавство и борбата против преку граничните криминални активности.

### 97. Продолжен Меморандумот за соработка со Japan Tobacco International

Во јуни 2009 година продолжена е важноста на Меморандумот за соработка со JTI за наредните две години. Меморандумот има за зо цел заедничко делување во спречувањето на недозволената трговија со производи од тутун на овој производител.

### 98. Соработка со образовните институции

Спогодбата за долгорочна соработка помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Факултетот за туризам и угостителство, царина и шпедиција - Охрид, продолжи со реализирање на летна пракса за 45 редовни студенти од студиската програма за царина и шпедиција.



Во соработка со Економскиот факултет во Скопје на практична работа во Царинската управа беа распоредени 10 студенти.

**99. Потпишан Протокол за спроведување на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност и Министерство за финансии – Царинска управа на Република Македонија**

Во јули 2009 година е потпишан Протокол за спроведување на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност и Министерство за финансии – Царинска управа на Република Македонија. Протоколот ги регулира начинот и делокругот на соработка, координација и заедничките дејствувања со цел поефикасна заштита на државната граница, борба против организиран и други видови на криминал, олеснување и забрзување на движењето на стока и патници, како и зголемување на безбедноста на граѓаните и општеството. Меѓу другото, со Протоколот се регулира и соработката на гранични премини и долж граничната линија, нивоата на соработка и методологијата на контролата на прекуграничниот сообраќај, како и поефикасно искористување на расположивите ресурси.

## 100. Интернет и интранет портал на Царинската управа

Во 2009 година на интранет порталот на Царинската управа се објавени 329 (220 во 2008 година) информации, додека на официјалната интернет страница се објавени 823 (700 во 2008 година) информации на македонски, англиски и албански јазик.

## 101. Отворената царинска телефонска линија (197)

На отворената царинска телефонска линија (197) се регистрирани 56 963 повици (98 859 повици во 2008) или во просек 156 дневно, од кои 69 со корисна содржина, за 77 информации биле побарани дополнителни испитувања од другите одделенија. За посигурно работење во 2009 година набавен е систем за снимање на повиците од отворената линија.

## 102. Слободен простап до информации од јавен карактер

Согласно Законот за слободен простап до информации од јавен карактер во текот на 2009 година примени се вкупно 22 барања. Царинската управа позитивно одговори на 17 барања и ја достави бараната информација во соодветна форма. Пет барања за пристап до информации од јавен карактер беа одбиени, со образложение дека Царинската управа не располага со бараните информации и истите беа препратени до институциите иматели на информациите.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS